АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23-05-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2204 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 11 мај 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 мај 2023 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 11.04.2023 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-159 од 11.04.2023 година) на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (18.04.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 мај 2023 година, на државно ниво, констатирано е дека **радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи:***